Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1629/2021

Дата 09. 11. 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Демир Капија, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води на делови од КП 1753, 1728/1, 1007, 996, 997, 1001 и 1002, во село Прждево, Општина Демир Капија.**

Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 0,89 ha, а должината на цевководот изнесува 0,35 km.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y07921** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води на делови од КП 1753, 1728/1, 1007, 996, 997, 1001 и 1002, во село Прждево, Општина Демир Капија, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води на делови од КП 1753, 1728/1, 1007, 996, 997, 1001 и 1002, во село


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Прждево, Општина Демир Капија, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води на делови од КП 1753, 1728/1, 1007, 996, 997, 1001 и 1002, во село Прждево, Општина Демир Капија, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Демир Капија, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 35171 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за **изградба на инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води на делови од КП 1753, 1728/1, 1007, 996, 997, 1001 и 1002, во село Прждево, Општина Демир Капија,**. Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 0,89 ha, а должината на цевководот изнесува 0,35 km.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води на делови од КП 1753, 1728/1, 1007, 996, 997, 1001 и 1002, во село Прждево, Општина Демир Капија, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1629/2021 од 01.11.2021 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води на делови од КП 1753, 1728/1, 1007, 996, 997, 1001 и 1002, во село Прждево, Општина Демир Капија, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија",


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk